## IV. СТРУЧНИ КАДРИ

**Член 27**

Стручни кадри во смисла на овој закон, се лица кои имаат завршено најмалку више образование во областа на спортот, или стекнато лиценци добиени од соодветна меѓународна спортска асоцијација.
Спортски тренинг и натпревари на репрезентациите на државните спортски федерации, можат да водат само стручни лица кои ги исполнуваат условите утврдени во ставот 1 на овој член.

**Член 28**

На стручните кадри во областа на спортот кои водат спортски тренинг и натпревари во спортските клубови и националните спортски федерации, истите се должни да им овозможат перманентно стручно усовршување.
Програмите за стручно усовршување ги утврдуваат и спроведуваат националните спортски федерации на Републиката од соодветната спортска гранка.

**Член 29**

Стручно лице-професионален тренер може да води спортски тренинг и натпревари во сите степени на натпреварување, доколку ги исполнува условите утврдени со овој и друг закон.
Стручно лице-странец може да води спортски тренинг и натпревари во највисокиот степен на натпревари, доколку ги исполнува условите утврдени со овој и со друг закон и има склучено професионален договор со клубот